**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр.** 08-13
02.02. **2016 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Барањето за откажување на дозвола Уп1 бр.08-13 од 22.01.2016 година и Изјавата Уп1 бр.08-13 од 01.02.2016 година, од Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-40 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), на локално ниво (Општина Куманово, Општина Липково и Општина Старо Нагоричане), за телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат на македонски јазик, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс.

На ден 22.01.2016 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, достави Барање за откажување на дозвола Уп1 бр.08-13, во кое меѓу другото е наведено дека ТРД ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, не е во можност да го плаќа годишниот надомест за дозволата, кој се однесува на периодот од 05.01.2016 до 04.01.2017 година, наведен во фактурата број 2016-100-0030 (наш бр.05-153/1 од 08.01.2016 година), односно не е во можност ја плати фактурата број 2016-100-0030 (наш бр.05-153/1 од 08.01.2016 година), поради што бараат да ја откажат дозволата. Во прилог на Барањето ја враќаат доставената фактура и изјавуваат дека се откажуваат од дозволата, односно ќе престанат со телевизиско емитување и поради недоразбирањата што ги имале со кабелските оператори, што им нанело економска штета, заедно со политичката криза од минатата година од која тешко ќе излезат.
Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во однос на доставеното Барање од Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, со допис Уп1 бр.08-13 од 26.01.2016 година, побара дополнување

на нивното Барање за откажување на дозвола Уп1 бр.08-13, со доставување на Изјава (заверена на нотар), во која ќе биде наведено дека радиодифузерот престанува со телевизиско емитување. На ден 01.02.2016 година Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Изјава, за откажување на дозвола, наш Уп1 бр.08-13 (заверена на нотар), во која изјавуваат дека радиодифузерот ТВ ДАЛГА - КРТ Куманово, престанува со работа.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важноста на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Имајќи ги предвид напред наведените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доставеното Барање за откажување на дозвола Уп1 бр.08-13 од 22.01.2016 година и Изјавата за откажување на дозвола, Уп1 бр.08-13 од 01.02.2016 година, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, од регистарот на радиодифузери.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, доставеното Барање за откажување на дозвола Уп1 бр.08-13 од 22.01.2016 година и Изјавата за откажување на дозвола, Уп1 бр.08-13 од 01.02.2016 година, од Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво ДАЛГА - КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово;
- Агенција за електронски комуникации.